Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Друштво за угостителство, трговија и услуги ПЕТТИОТ ЕЛЕМЕНТ ДООЕЛ Бр. 05-04/25 07-05 2025 год. СКОПЈЕ

Архивски број: 03 - 5170/1
Датум: 06-05-2025

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на услуги – миење на службени моторни возила

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и
2. Друштво за угостителство, трговија и услуги ПЕТТИОТ ЕЛЕМЕНТ ДООЕЛ СКОПЈЕ, со седиште на ул.„Чедо Филиповски", бр.12, Центар, Скопје, претставувано од Трајко Бошковски, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на услуги – миење на службени моторни возила, по спроведената постапка за набавка од мала вредност, по оглас бр.04593/2025.

Предметот на овој договор ги опфаќа следниве видови на услуги:

- Редовно комплетно миење на службените возила, кое подразбира: внатрешно пребришување на ентериерот, правосмукање и перење на патосниците, надворешно миење со соодветно средство наменето за миење на возила и со машина под воден притисок и суво пребришување на каросеријата на возилото.
- Хемиско чистење на ентериерот на возилото (по потреба и по прифатена понуда (про-фактура) и
- Полирање на каросеријата на возилото (по потреба и по прифатена понуда (про-фактура).

Во прилогот кон договорот е даден Списокот на службените моторни возила на Министерството за финансии со регистерски броеви, тип и марка на возилата за кои ќе важат услугите дефинирани во ставот 2 од овој член.

Со услугите од ставот 2 на овој член ќе бидат опфатени и возилата над кои договорниот орган ќе стекне право на сопственост, во текот на времетраењето на важноста на овој договор.

Сервисот за миење на возилата се наоѓа на следната локација: ул.„Чедо Филиповски", бр.12, Центар, Скопје, и работното време на сервисот за миење започнува во 08:00 часот.

## II. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци сметано од 22.06.2025 година или до негово вредносно исполнување во зависност од тоа што прво ќе настане.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Вкупната максимална вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност изнесува 200.000,00 денари.

На износот од став 1 на овој член не се пресметува данок на додадена вредност.

Вкупната вредност на договорот е фиксна и непроменлива за целото времетраење на истиот.

Договорниот орган не е обврзан да ја реализира вкупната максимална вредност на договорот.

## IV. РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

Член 4

Единечната цена на услугата редовно комплетно миење на службените возила, кое опфаќа: внатрешно пребришување на ентериерот, правосмукање и перење на патосниците и надворешно миење со соодветно средство наменето за миење на возила и со машина под воден притисок и суво пребришување на каросеријата на возилото изнесува 349,00 без пресметан данок на додадена вредност.

Единичната цена од став 1 на овој член е фиксна и непроменлива за целото времетраење на договорот.

За хемиското чистење на ентериерот на возилото, како и за полирањето на каросеријата на возилото, по потреба и на барање на договорниот орган, носителот на набавката е должен да достави понуда (про-фактура).

Договорниот орган ќе може да ја прифати понудата, откако ќе провери дали истата е во согласност со овој договор и врз основа на процена на оправданоста за извршување на услугата и реалните пазарни цени дава одобрение на носителот на набавката.

## V. НАЧИН, МЕСТО И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 5

Со предметната услуга ќе бидат опфатени службените моторни возила на Министерството за финансии во Скопје, а за кои договорниот орган ќе прати писмено известување до избраниот носител на набавката.

Носителот на набавка ќе има обврска во текот на времетраењето на договорот за јавна набавка да ја извршува услугата што е предмет на договорот за јавна набавка и за сите останати моторни возила кои договорниот орган дополнително ќе ги стекне, во согласност со условите дефинирани во договорот.

Предметната услуга ќе се извршува во Скопје и тоа во сервисот за миење на возила на избраниот носител на набавка лоциран на ул.„Чедо Филиповски", бр.12, Центар, Скопје,

Носителот од набавката се обврзува да им даде приоритет на службените возила на Министерството за финансии и бараната услуга да ја изврши веднаш по приемот на возилото во сервисот за миење.

Рок за извршување на предметната услуга е веднаш по приемот на возилото.

## VI. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Плаќањето ќе се врши по извршена услуга, а врз основа на доставена месечна фактура од страна на носителот на набавката.

Фактурата за извршената услуга се доставува на договорниот орган на следнава адреса: Министерство за финансии, ул.„Даме Груев" бр.12, Скопје.

Договорниот орган ќе го врши плаќањето за извршените услуги во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган.

Кон фактурата за плаќање задолжително се приложува работниот налог за извршената услуга, кој содржи и податоци за марката на возилото, регистарскиот број на возилото, датум на извршување на услугата, име и презиме на доносителот на возилото и негов потпис со кој потврдува дека услугата е извршена.

Доколку фактурата не ги содржи сите документи и податоци од став 4 на овој член, нема да биде платена и истата ќе биде вратена на носителот на набавката на докомплетирање.

## VII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 7

Носителот на набавката се обврзува да им даде приоритет на службените возила на договорниот орган во својот сервис за бараната услуга.

Носителот на набавката се обврзува да ја врши услугата дефинирана во член 1 од овој договор за потребите на договорниот орган за возилата кои се наведени со регистарски броеви во прилогот кон овој договор, како и за возилата за кои ќе добие писмено известување од страна на договорниот орган дека се стекнал со право на сопственост во времето на важењето на договорот.

Носителот на набавката се обврзува дека услугата ќе ја врши редовно, навремено и квалитетно, што подразбира употреба на професионални машини за таа намена и адекватни средства и хемикалии кои нема да ја оштетуваат каросеријата на возилата.

Доколку настане оштетување на возилата во сервисот поради употреба на неадекватни средства за миење и хемикалии, како на пример, губење на сјај или губење на бојата од каросеријата на возилата, носителот на набавката се обврзува дека ќе ја преземе одговорноста за штетата и истата ќе ја надомести.

Носителот на набавката се обврзува дека за секоја извршена услуга ќе

издава работен налог согласно пропишаната задолжителна одредба во член 6 став 4 од овој договор.

## VIII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 8

Доколку за време на важењето на договорот, договорниот орган се стекне со право на сопственост на други возила или доколку од кои било причини го изгуби правото на сопственост над возилата од Прилогот кон Договорот, за тоа писмено ќе го извести носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува дека ќе му плати на носителот на набавката за извршената услуга според условите дефинирани во член 6 од овој договор.

Договорниот орган е должен да определи лица задолжени за реализација на договорот и за истото да го извести носителот на набавката.

## IX. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ И ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 9

Овој договор може да се раскине спогодбено со согласност на двете договорни страни.

### Член 10

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 11

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 12

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## X. ВИША СИЛА

Член 13

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 14

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 15

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 16

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

### Член 17

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 18

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| Република Северна Македонија | Друштво за угостителство, трговија |
| Министерство за финансии | и услуги ПЕТТИОТ ЕЛЕМЕНТ |
| Скопје | ДООЕЛ Скопје |
| | |
| Министер за финансии | Управител |
| м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | Трајко Бошковски |

| | |
|---|---|
| Изработил: | Даниела Донова Ризов |
| Контролирал: | Даниела Јанкова |
| Одобрил: | Татјана Васева |
| Проверил: | м-р Маја Стаменковска Угриновска |
| | Михајло Михајловски |
| Проверил: | Андреј Ангеловски |
| Согласен: | д-р Андриана Матлиоска |

Прилог кон Договорот

## Список на службени моторни возила на Министерството за финансии

| Р.Б | Марка и Тип на возило | Регистарски таблички | Корисник на возило |
|---|---|---|---|
| 1 | ШКОДА ФАБИЈА | SK-386-NT | Скопје-Карпош |
| 2 | ПЕЖО 307 | SK-2558-BP | Скопје-Кисела Вода |
| 3 | СЕАТ ИБИЦА | SK-027-KG | Скопје- Центар |
| 4 | ШКОДА СУПЕРБ | SK-0164-BI | МФ-Скопје |
| 5 | ШКОДА ОКТАВИА | SK-0336-BI | МФ-Скопје |
| 6 | ШКОДА ОКТАВИА | SK-0186-BI | МФ-Скопје |
| 7 | ШКОДА ОКТАВИА | SK-1417-BH | МФ-Скопје |
| 8 | ШКОДА ОКТАВИА | SK-9731-BH | МФ-Скопје |
| 9 | ШКОДА ОКТАВИА | SK-0339-BI | МФ-Скопје |
| 10 | ШКОДА РАПИД | SK-9734-BH | МФ-Скопје |
| 11 | ШКОДА РАПИД | SK-9752-BH | МФ-Скопје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 | ШКОДА РАПИД | SK-0340-BI | МФ-Скопје |
| 13 | ШКОДА РАПИД | SK-0338-BI | МФ-Скопје |
| 14 | ШКОДА РАПИД | SK-9754-BH | МФ-Скопје |
| 15 | ШКОДА РАПИД | SK-9758-BH | МФ-Скопје |
| 16 | ШКОДА СИТИГО | SK-3708-BJ | Скопје - Гази Баба |
| 17 | ШКОДА СИТИГО | SK-2431-BI | МФ-Скопје |
| 18 | ХОНДА ЦР-В | SK-0413-BK | МФ-Скопје |
| 19 | ВОЛВО ХС 90 | SK-1538-BR | МФ-Скопје |
| 20 | ШКОДА ЈЕТИ | SK-4978-BI | МФ-Скопје |
| 21 | ШКОДА ЈЕТИ | SK-1412-BH | МФ-Скопје |